РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

Врз основа на член 20 став (1) и член 21 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на ден 17.05.2022 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА БАРАЊЕТО за пристап до информации од јавен карактер** од 28.04.2022 година од Здружение за истражување и анализи ЗМАИ Скопје, бул. Емил Зола бр.9/2-20 Скопје, Е-маил contact@zmai.mk и marija@zmai.mk.

Во врска со Бараната информација на колку вработени им престанал работниот однос во институцијата во 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година Барателот се информира дека во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во наведениот период на ниту еден вработен не му престанал работниот однос.

Во врска со Бараната информација колку нови вработувања и превземања се направени во институцијата во 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година Барателот се информира дека во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во наведениот период не се реализирани нови вработувања и превземања.

Во врска со Бараната информација колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година Барателот се информира дека во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор:

Во 2020

- Доктор на науки, Високо образование, 12 години работно искуство, Договор за евроинтеграции и траење на договорот од 3 месеци;

- Магистер по правни науки, Високо образование, без работно искуство, Договор за правни, административни и општи работи и траење на договорот од 5 месеци;

- Дипломиран економист, Високо образование, 10 години работно искуство, Договор за финансиски и сметководствени прашања и траење на договорот од 11 месеци;

- Магистер по правни науки, Високо образование, 10 години работно искуство, Договор за подготовка и водење на јавни набавки и траење на договорот од 6 месеци;

- Магистер по е-бизнис менаџмент, Високо образование, 10 години на работно искуство, Договор за корекција на Веб страната на Агенцијата и ажурирање на нејзините податоците и траење на договорот од 3 месеци;

Во 2021 година:

- Доктор на науки, Високо образование, 12 години работно искуство, Договор за евроинтеграции и траење на договорот од 11 месеци;

- Магистер по правни науки, Високо образование, без работно искуство, Договор за правни, административни и општи работи и траење на договорот од 6 месеци;

- Магистер по правни науки, Високо образование, 11 години работно искуство, Договор за подготовка и водење на јавни набавки и траење на договорот од 6 месеци;

- Дипломиран економист, Високо образование, 11 години работно искуство, Договор за финансиски и сметководствени прашања и траење на договорот од 11 месеци;

- Магистер по е-бизнис менаџмент, Високо образование, 11 години работно искуство, Договор за корекција на Веб страната на Агенцијата и ажурирање на нејзините податоците и траење на договорот од 1 месец;

Во првите 4 месеци од 2022 година:

- Доктор на науки, Високо образование, 12 години работно искуство, Договор за евроинтеграции и траење на договорот од 4 месеци;

-Дипломиран економист, Високо образование, 12 години работно искуство, Договор за финансиски и сметководствени прашања и траење на договорот од 3 месеци;

- Економист, Средно образование, 26 години работно искуство, Договор за тековно одржување на хигиената на деловните простории и траење на договорот од 4 месеци.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение незадоволната страна може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Решено во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на ден 17.05.2022 година, под бр.03-97/2.

**Доставено до:**

- Архива на Агенцијата
- Барател на информацијата

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**

**Директор**

**Боре Ерkечов**